UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Водство и управување во образованието (2022/2023)** |
| Факултет | Јазици, култури и комуникација |
| Циклус на студии | Втор циклус (Постдипломски) |
| ЕКТС | 120 |
| Код | N-MLCCML120C |
| Титула | Магистер по водство и управување во образованието |
| Архивски број на акредитација [120] | 03-811/1 |
| Решение за почеток со работа | |
| Датум на акредитација | 23.02.2022 |

## Опис на програмата

Целта на студиската програма по водство и управување во образованието е да се понудат модули кои ќе ја опфаќаат основата на сознанијата, посебни и систематски знаења, за академското ниво на процесот на трансформација на образованието во опкружувањето и поширокo во регионов.

## Кариера

Кадар со нови знаења во образованието.

Способност да истражува во областа на образованието.

Да креира политики во образованието и во училиштата.

Способност за продуктивано менаџирање со образовните организации.

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

- Разбирање на локалните, регионалните и на глобалните промени во образованието.
- Студентите ќе бидат лидери во образовните иновации.
- Студентите ќе бидат добро упатени во реформите на образовниот процес во РС Македонија и во регионот и ќе поседуваат вештини за имплементација на акционите планови и на програмите за реформи.

### Примена на знаењето и разбирањето

- Студентите ќе бидат во можност да ги советуваат владините и невладините политичари во однос на

образованието како и да ги планираат локалните потреби и потреби на кадарот преку нивно адаптирање со економските ресурси на земјата, истовремено нагласувајќи ги вештините за стратешко управување и водство.
- Студентите ќе можат да ги преземат водечките улоги во образовните институции (јавни и приватни) во Република Северна Македонија и пошироко.

**Способност за проценка**

- Студентите ќе се соочат со ризикот и со предизвиците кои ги носи промената на традиционалното со модерното во образовниот систем.
- Ќе бидат во можност да вршат процена на програмите, наставните планови, кадарот и на образовната политика.

**Комуникациски вештини**

- Ќе поседуваат одлични комуникациски вештини.
- Ќе поседуваат способност за користење на технологијата во училниците и во администрацијата за нивно успешно функционирање во општествата и институциите базирани на знаење.

**Вештини на учење**

- Ќе стекнат вештини за обезбедување водство во училиштата низ Република Северна Македонија и за имплементитрање на истражувањата во образовните институции.
- Ќе стекнат вештини за управување со човечките, економските и со технолошките ресурси.
- Ќе бидат обучени и компетентни за преземање одговорност и за унапредување на образованието. Преку обука, задолжителна за сите студенти, ќе можат ефикасно да дејствуваат во мултикултурната и во мултијазичната средина.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [MCLM1030] [6.0 EKTC] **Вовед во водството во образованието**
- [EMLM2010] [6.0 EKTC] **Психологија на образованието**
- [MCML1040] [6.0 EKTC] **Стратегиско планирање**
- [6.0 EKTC] **Изборен предмет**
- [6.0 EKTC] **Изборен предмет**

### Семестар 2

- [MCLM1020] [6.0 EKTC] **Евалуација на образовните организации**
- [MCLM3030] [6.0 EKTC] **Менаџирање со на човечки ресурси**
- [MCLM2030] [6.0 EKTC] **Мултикултурно образование**
- [6.0 EKTC] **Изборен предмет**
- [6.0 EKTC] **Изборен предмет**

### Семестар 3

- [EMLM3020] [6.0 EKTC] **Социологија на образованието**
- [MCLM2010] [6.0 EKTC] **Методологија на истражување**
- [MCLM3010] [6.0 EKTC] **Учење и осознавање во образованието**
- [MCLM3020] [6.0 EKTC] **Квалитет во наставата**
- [6.0 EKTC] **Изборен предмет**

### Семестар 4

- [MCLM4010] [30.0 EKTC] **Магистерски труд**

## Description of courses

## Задолжителни предмети

- **Вовед во водството во образованието**
  Предметот има богата содржина која се однесува на стиловите, квалитетот и на управувањето со училиштата. Главните теми се: - Стилови на учење; - Квалитет во училиштата; - Тимови и тимска работа; - Управување со промените во училиштата; - Теорија на организација; - Клима и култура; - Водство; - Дефинирање на средбите во училиштата.

- **Психологија на образованието**
  Предметот, карактеристиките и задачите на педагошката психологија: - историски развој и создавање на дисциплината; - предметот на дисциплината; - карактеристики и задачи на дисциплината; - методите на педагошката психологија; - видови и теории на учењето; - трансфер на учењето и способност за учење; - мотивација и вреднување на учењето;

- **Стратегиско планирање**
  - Изработка на стратешки план за развој на училиштето; - Мисија на училиштето; - Визија за училиштето; - Подрачја на промени и приоритети; - Цели на училиштето; - Задачи и активности; - План за евалуација;

- **Евалуација на образовните организации**
  Преку овој предмет ќе се воведат теоретска и практична евалуација на организациите низ процес на рецензија на извештаи за организационата и курикуларната поставеност на образовните институции. Темите се однесуваат на сите аспекти на дизајнирање и имплементација на евалуацијата во образованието, оценките на евалуацијата, иструментите и пристапите.

- **Менаџирање со на човечки ресурси**
  Предметот претставува вовед во елаборацијата на менаџирање со човечките ресурси и опфаќа повеќе аспекти: значење, важност на човечките ресурси; поим и концепт на ЧР; планирање на човечкиот потенцијал; регрутирање; темелни претпоставки на квалитетна професионална селекција; обуката како процес; следење на работната успешност; мотивација за работа; образување и развој во современите претпријатија; развиток и управување со кариера, со посебен осврт на специфичните теми на менаџментот на човечките ресурси; стресот и управувањето со стресот, мобинг, флуктуација и апсентизам.

- **Мултикултурно образование**
  Целта на предметот е на студентите да им се овозможи стекнување систематски знаења од обласа на мултикултурното образование, дисциплина што се занимава со проучување на однесувањето на личностите во работните организации: организирање на ниво на индивидуа, на ниво на група, како и на ниво на организацијата во целина од аспект на мултикултурното образование.

- **Социологија на образованието**
  Целта на предметот е истражувањето и елаборацијата на општествените услови во кои функционираат образовните институции и во кои се образуваат новите генерации. Темите кои ќе бидат обработени се: научната литература и образованието, општеството и образованието, образованието и надминувањето на традиционалните бариери, образованието во дигиталните општества, идната работа, новите професии и училишта, искуството и улогата на училиштата како општествени институции, веројатноста за успех на младите генерации, идеолошката улога на образованието, актуелните училишта и нивната општествена улога во ЕУ и во САД.

- **Методологија на истражување**
  Главните цели на предметот се на студентите да им се понудат алатки во однос на изноаѓање истражувачко прашање и создавање методи за прибирање податоци, за проучување и истражување во општетсвените науки. Селекцијата на прибраниот фактографски материјал, неговата анализа и научна интерпретација претставуваат значајна компонента на испитувањето на причинско-последичните односи. Предметот е фокусиран на проблемите на квантативните и квалитативните методи и техники на истражување.

- **Учење и осознавање во образованието**
  Преку овој предмет се обработуваат клучните концепти кои се вклучени во донесувањето одлуки за обликот на наставната програма, за теориите на наставната програма и за практичните аспекти на планирање, имплементација, евалуација и на истражување. Покрај тоа, ќе се истражуваат стилови на учење и

повеќекратни интелигенции и ќе се размислува за тоа како овие идеи можат да влијаат врз пристапот на предавањата на науката во образованието.

- **Квалитет во наставата**
 Содржината на овој предмет е фокусирана во оспособување на студентите да ги водат училиштата, при создавање работна клима во училница за рационално, квалитетно и за прагматично образование. Впрочем, актуелното традиционално образование да преминува од учење за диплома во учење за знаење, вештини и компетенции за материјално производство.

- **Магистерски труд**
Овој модул им овозможува на студентите да ги пренесат своите вештини и знаења за истражување и за составување на покомплицираната задача - пишувањето на магистерскиот труд. Модулот е наменет да биде целосно практичен и студентите да ги стекнат потребните знаења, способности, вештини и доверба за да пристапат кон истражување и пишување на тезата. Модулот има единствен повратен резултат - да им овозможи на студентите да ја пишуваат магистерската теза со минимални тешкотии и со максимална ефективност. Сè што е предвидено е во насока на подобрување на техниките на истражување и на стилот на пишување на магистерската теза водејќи сметка притоа за забраната со служење со недозволените средства како: плагијаторство и повреда на авторските права, кои се забранети со Статутот на УЈИЕ.

## Изборни предмети

- **Информациски и комуникациски технологии во наставниот процес (ИКТ)**
Целта на овој предмет е: - Да се презентираат понапредни концепти и технологии од областа на ИКТ; - Да се прикажат нивните примени во наставниот процес; - Да им се овозможи на студентите да стекнат понапредни познавања и вештини од обрани поглавја од ИТ-апликации; - Практична примена на овие цели во наставниот процес при изработка на индивидуален проект на студентот.

- **Истражување во училиште**
Преку овој предмет студентите ќе стекнат напредни знаење и вештини за научноистражувачката теорија и практика за нивна имплементација во образовните институции каде што тие работаат и живеат. Студентите ќе бидат поттикнати да изведуваат истражувачка работа во областа на образовните науки со посебен акцент врз образовните институции и образовниот феномен како и во научната истражувачка работа на нивните магистерски студии.

- **Реторика**
Во текот на својата историја долга 2500 години, реториката се користи за означување многу нешта, но под реторика денес се подразбира уметноста на убедување преку јазик. Реториката го означува начинот на кој поединецот се надоврзува на одредена тема или идеја со цел да го убеди другиот. Реториката ја карактеризираат неколку главни одлики и најпрвин ги дефинира одредените типични ситуации на говорот.

- **Мултилингвализам и мултикултурализам**
Целта на овој предмет ќе биде разгледување на повеќејазичноста во мултикултурните општества, како социјална појава. Оваа појава е масовна во светот. Во предавањата ќе се разгледуваат попрецизно термините: еднокултурност, повеќекултурност, мултикултурност. Ќе биде разјаснет поимот лингвистички национализам, а се изделуваат две форми на ваков национализам, при што едната се судира со другата: кај водачите на најмоќните земји национализмот значи ширење, а за малцинствата тој добива форма на непокор и борба за афирмација на идентитетот, наспроти таков притисок. Видно место во програмата ќе зазема и мултикултурализмот во сферата на образованието.

- **Професионална комуникација**
Предметот е фокусиран на развојот на оние комуникациски вештини кои се суштествени за ефикасно функционирање во професионалниот свет. Студентите ќе го совладуваат процесот на анализа на различни комуникациски ситуации, и тоа како соодветно да одговорат на нив. Меѓу темите кои ќе бидат вклучени се и комуникација во организации, интерперсонална и групна комуникација, усни презентации, интервјуа за вработување, професионални деловни писма, како и интерперсонални вештини, вклучувајќи групна динамика и тимска работа.

- **Методологија на наставата**

Целта на овој предмет е да се запознаат студентите со основните пристапи и методи на предавање. Од студентите се очекува да стекнат знаења и вештини со кои ќе можат да применат средства за активна настава. Опфатен е и пристап за развојот, наставата и учењето како концепти, како и основни практики кои ќе им овозможат на предавачите да предаваат за развојот на мислењето. Преку овој предмет, студентите ќе стекнат и теоретска основа и стратегии со кои ќе можат да го развиваат и критичкото мислење.

- **Филозофија на општествените науки**
  Овој модул опфаќа информации кои ќе им овозможат на студентите да стекнат знаења, вештини и способности, односно да бидат стручни и компетентни во општествените науки, вклучувајќи ја и општата методологија (објаснување, теоретизирање, тестирање), примена на филозофијата (особено индивидуализмот наспроти холизмот), природата на рационалноста и историјата на теории и концепти. Овој модул нуди напредно истражување на актуелните дебати за онтологијата, методологија и за целите на општествените науки. Во фокусот на предметот се централните прашања на општествените науки: етнометодологија; еволуција; феноменологија; рационалност; релативизам; научни методи; текстуални толкувања. Резултати од учењето: По успешното завршување на овој предмет, студентите ќе бидат способни: • Да ги разберат целта на општествените науки и разликата меѓу објаснувањето и разбирањето на човековото однесување. • Да го објаснат различниот пристап во општествените науки, да ги споредат природните науки, особеностите за луѓето и општествените феномени. • Да ги разберат општествените структури, практики, норми, институции итн., како и односот меѓу поединците и поголемите општествени структури. • Да се потпираат не само на факти за поединците и за нивната ментална состојба, туку и на случаите во кои општествените феномени не можат да се објаснат што се однесува до индивидуалното однесување. • Да разберат и да прифаќаат одреден збир на вредности на еден поинаков начин од природните науки, да добијат можност за објективност во општествените науки.

- **Менаџмент на проекти**
  По успешното завршување на наставата, студентите треба да бидат способни: - Да ги планираат активностите неопходни за реализација на проектот, да ја идентификуваат нивната меѓузависност во поглед на времетраењето и трошоците; - Да ги подготвуваат потребните извештаи и да ја реализираат целокупната потребна комуникација меѓу проектот и клиентот, како и меѓу членовите на тимот и другите стејкхолдери; - Да го структурираат проектот со своите составни активности; - Да изработат гантограм и мрежен дијаграм на проектот и да го утврдат најкраткото време за реализација на проектот; - Да користат софтвер МС Проект како алатка во процесот на планирање, имплементација и при надзор врз проектот; - Да го дефинираат проектот, да ги идентификуваат неговиот обем и неговите цели, како и да развијат проектна спецификација.

- **Меѓукултурна комуникација**
  Цели на предметот: - Студентите да ја истражат свеста за сопствената култура но и да станат свесни за другите култури и за динамиката која произлегува во процесот на интеракција; - Да сфатат како процесите на комуникација се различни во различни култури; - Да се запознаат со феноменот на стереотипи и предрасуди како и на начините за справување со истите; - Да го сфатат концептот на „другиот“ и потребата од развивање на чувство на емпатија со маргинализираните групи; - Да идентификуваат предизвици кои се јавуваат како резултат на разликите во интеркултурната интеракција и да научат креативно да се соочат со истите; - Да ја спознаат клучната улога која контекстот и механизмите на моќ ја играат во интеркултурната комуникација; - Да се стекнат со знаење, вештини и ставови кои ќе ја зајакнат нивната интеркултурна компетенција.

- **Комуникација и образование**
  Образовниот процес и комуникацијата се реализираат со употреба на модерни форми на информатичка технологија. Предметот комуникација и образование се потпира првенствено на истражување на општествените науки за да се разбере, интерпретира и обликуваат како информациите, комуникациските технологии и новите медиуми влијаат врз културата и образованието, вклучувајќи области како што се писменост, социјална правда, развој на младите и образование на наставници. Во рамките на овој предмет се користат широк спектар на методи за проучување на пресеците на комуникација и учење. Особено акцент се става врз тоа како образованието и другите општествени системи се менуваат под влијание на новите медиуми. Преку овој предмет студентите ќе бидат поттикнати да: -Размислуваат за историското, културното и социјалното влијание на широк спектар на медиуми; -Покажат релевантни методи и начини на истражување за подобро разбирање како комуникацијата и медиумите ги користат облиците на учење.

- **Водство во образование**
  Цели на предметот: Предметот ќе овозможи разгледување на водството во образованието преку критичко размислување. Студентите ќе го прошират и продлабочат нивното разбирање за тоа како се создава водство и ќе се здобијат со знаења за начините кои ќе бидат од корист и за останатите учесници во процесот. Пред сѐ

тука се мисли на учениците и колективот во образовните институции. Ќе се дискутираат различни модели на водство во образованието, а ќе се идентификуваат и предизвиците и можностите кои ги нуди лидерството.